**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**АВГУСТ 2025**

Врз основа на член 89 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ "бр. 44/1995, .....269/2023) и Законот за изменување и дополнување на законот за средно образование („Службен весник на РСМ "бр. 78/2025) Училишниот одбор при Средното општинско училиште ''Ѓорче Петров'' од Прилеп, на Седницата одржана на ден _______________ година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ Ѓорче Петров – Прилеп за учебната 2024/2025 година.

Годишниот извештај е изработен од Педагогот на училиштето, разгледан од Наставничкиот совет и раководниот орган на училиштето, а е донесен и усвоен на седница на Училишен одбор.

Директор — Претседател на Училишниот одбор

Жанета Видевска — Златко Волчески

# 1. УСЛОВИ ВО КОИ СЕ ИЗВЕДУВАШЕ НАСТАВАТА ВО ТЕКОВНАТА 2024/2025 ГОДИНА ВО СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"

## *1.1. Извештај за работата на директорот за учебната 2024/25 година*

Во текот на учебната 2024/25 година директорот на училиштето ги реализираше следните активности:

1. Молерисана спортската сала на училиштето заедно со влезот во салата и соблекувалните на учениците;
2. Санирани олуците во училишната зграда и дел од покривот во зградата каде што до крајот на првото полугодие се изведуваше практична настава за текстилно-кожарската струка,
3. Пренаменета училница за изведување на теоретска и практичната настава за профилот техничар за изработка на облека опремена со клупи и столчиња, плакари, машини, маса за кроење, телевизор, компјутер;
4. Обезбеден прочистувач на воздух за во спортската сала на училиштето – донација од МОН;
5. Клима-уред за просторијата за техничкиот персонал;
6. Набавена компјутерска и видео опрема: 2 компјутери, 1 ЛЦД проектор, 5 платна за ЛЦД проектори (4 статични и 1 подвижно), 5 лед-телевизори за во училници и 1 интерактивна табла;
7. Набавени 5 бели табли за во училниците;
8. Набавени нагледни средства за сите активи;
9. Набавени материјали за работа за сите струки, и тоа:
   - обезбедени две машини, материјали за работа, кукли за моделирање на облека, компјутер и софтвер за работа за текстилно-кожарската струка,
   - сталажа, масичка, плакар, алат и прибор за работа за во кабинетот за практична настава на профилот фризер,
   - телевизор поврзан со компјутер, бела табла, прибор и алат за правење маникир и материјали за шминка за кабинетот за практична настава на профилот техничар за козметичка нега и убавина,
   - материјали и прибор за работа за во кабинетот по нега на болен
10. Обезбедена нова соблекувална за инструкторките во просториите на болницата каде што се изведуваат вежби, практична настава и УПРР;
11. Од проекти обезбедени:
    - шест лејзи бег фотелји и две масички за во холот на училиштето од проект во соработка со Коалиција Сега, како и потребни материјали и средства за опремување на катче за работа на Младинската организација на училиштето (масички, столчиња и сл.),
    - дигестор за во училишната лабораторија (аспиратор) во соработка со Радио Пела,
    - прочистувач на воздух од проект во соработка со Lead - Leaders for Education, Activism and Development,
    - пет комплетно опремени сандачиња за прва помош од проект од Еразмус+ програмата,
    - плотер/катер со дополнителна опрема (алатки и додатоци за прецизна и разновидна изработка), термо-преса за текстил и сублимациски принтер - опрема што ќе се користи на часовите по практична настава за текстилно-кожарската струка, а е добиена во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Македонија“, реализиран од People in Need Macedonia, LEAD- Leaders for Education, Activism and Development, Ekovita и ARNO, а финансиран од Европската Унија;
12. Книги на македонски и на англиски јазик со кои е збогатена училишната библиотека

13. Континуирано набавување на канцелариски материјали за потребите на вработените во училиштето;
14. редовно набавување на средства за хигиена во просториите на училиштето;
15. извршена ДДД на просториите на училиштето во јануари и дезинфекција и дезинфекција во август, од страна на Центарот за јавно здравје – Прилеп

20.08.2025 Директор

Жанета Видевска

## *1.2. __Воспитно-образовен кадар__*

За да може училиштето да работи со успех, неопходно е добра координирана активност на повеќе профили на кадри и служби:
•Кадри за воспитно-образовна работа: директор, помошник директор, психолог, педагог, наставници и библиотекар.
•Кадри за административно-економски работи - секретар/благајник;
•Кадри за техничко-помошни работи: чувари, хигиеничари, хаус-мајстори.
Во текот на изминатата година вкупно наставата ја изведуваа 59 професори, а од стручните соработници има еден педагог и еден психолог.
1.3.Ученици и ученички стандард

На почетокот од учебната година беа запишани – 747 ученици во сите струки. Вкупниот број на ученици беше распределен во 34 паралелки на следниот начин по струки и профили:

1. Здравствената струка - медицинска сестра – 8 паралелки
2. Здравствена струка-физиотерапевтски техничар - 4 паралелки
3. Здравствена струка-фармацевтски техничар – 4 паралелки
4. Лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина– 4 паралелки
5. Лични услуги - фризер - 3 паралелки
6. Текстилно-кожарска струка - техничар за изработка на облека – 4 паралелки
7. Шумарско-дрвопреработувачка струка – техничар за обработка на дрво – 4 паралелки
8. Геолошка, рударска и металуршка струка - геолошко рударски техничар -3 паралелки

## 2. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ДЕЈНОСТИ

**2.1.*Настава***

Наставата во нашето училиште се одвиваше и реализираше во согласност на актите со кои истата се пропишува од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Согласно Календарот за организација на учебната 2024/25 година, наставата почна на 01.09.2024 година, а заврши на 10.06.2025 година, односно на 16 мај 2025 година за учениците од завршните години на тригодишното и четиригодишното средно образование. Учебната година заврши на 31 август 2025 година.

**2.2. *Образовна практика***

Како воспитно-образовна цел која се поставува пред нашето училиште е и работното оспособување на учениците со изведување на практична настава, со што теоретски совладаниот материјал подобро би се усвоил и разбрал.

Практичната настава се изведуваше во практичните бази како и во фирмите со кои имаме склучено меморандуми за соработка за предметот Учење преку работа кај работодавач.

Нашите ученици искуствата ги црпеа и од учествата во проектите:

Проект „Ко-менаџирани средни училишта“ Ангела Кочоска
Проектот е имплементиран од страна на LEAD
Проектот се реализира од ноември 2024 до март 2025 година.
Во рамките на овој проект до сега беа реализирани следниве активности:

- Тренинг курс во Струга од 17 до 21 септември. Учениците имаа можност да разменат мислења и идеи за функционирањето на ова тело во училиштата како и да го развијат моделот.
- Прв состанок во СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп на ден 12.12.2024 каде беше избран Михаил Јорданоски за претседавач и Борис Ристески за записничар. Се дискутираше за идеата од постоењето на ова тело во нашето училиште, како и за понатамошните активности кои ќе се реализираат преку ова тело.
- Тренинг курс од 22 до 25 април во Струга. Каде се рефлектираше работата на телото во текот на учебната година.
- Состанок во СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп на ден 29.04.2025 година се споделија стекнатите знаења и искуства од тренинг курсот.

## ***2.3. Наставници кои посетувале семинари и обуки во учебната 2024/2025 година***

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | НАСЛОВ НА СЕМИНАРОТ / ОБУКАТА |
|---|---|
| Емилија Ѓ.Велкоски | Инклузивна педагогија<br>Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Вештина за дигитална писменост во училницата – основен<br>Вештина за дигитална писменост во училницата –напреден<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Силвана Колеска Илиески | Инклузивна педагогија<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Изабела Анеска Димеска | Инклузивна педагогија<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Венера Николова Мишачкоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење<br>Имплементација на програма за зелени вештини во рамките на сектор за шумарство |
| Наташа Најдоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Инклузивна педагогија<br>Имплементација на програма за зелени вештини во рамките на сектор за шумарство |
| Соња Николоска | Инклузивна педагогија<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Марија Талеска Желческа | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Вештина за дигитална писменост во училницата – основен<br>Вештина за дигитална писменост во училницата –напреден<br>Geoscience education field officen training courses-earth creative learning |
| Билјана Тошеска | How to make the most of Erazmus+to train profesional<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |

| | |
|---|---|
| Марина Димовска | Инклузивна педагогија<br>Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери на добри практики |
| Ленче Јованоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Вештина за дигитална писменост во училницата<br>Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – основно ниво |
| Марија Тренкоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Здравка Најдоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Инклузивна педагогија<br>Обука за спроведување на програмата Одржлива мода – ЦСОО<br>Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри практики<br>Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава основно ниво<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Дејан Јованоски | Учење во дигитална околина – ПИСА<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Превенција и заштита од насилство – edulab<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Никифор Велкоски | Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – основно ниво<br>Безбедност и заштита при работа<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Ивана Вељаноска | Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери на добри практики |
| Даниела Јорданоска | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – основно ниво<br>Инклузивна педагогија |

| | |
|---|---|
| Наташа Мирческа | Промоција на безбедна училишна средина<br>Инклузивна педагогија<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Обука за спроведување на програмата Одржлива мода – ЦСОО<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Елизабета Волнароска | Инклузивна педагогија<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Натали Којев | Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – основно ниво<br>Промоција на безбедна училишна средина<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – напредно ниво<br>Безбедна училишна средина<br>Спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување на комплетирање на задолжителното образование<br>Безбедност и заштита при работа |
| Лора Трајкоска Николоски | Вештина за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Вештина за дигитална писменост во училницата |
| Сашо Кочоски | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Обука за обучувачи: формативно оценување, дигитална писменост, клучни компетенции, социјална и образовна инклузија на учениците, меѓунаставно планирање и настава, професионална соработка<br>Geoscience education field officen training courses-earth creative learning<br>Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава – напредно ниво<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Пеце Алексоски | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Јулијана Поповска | Инклузивна педагогија |

| | |
|---|---|
| | Обука за спроведување на програмата Одржлива мода – ЦСОО<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Вештина за дигитална писменост во училницата – основен<br>Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри практики<br>Циркуларна економија |
| Цветанка Стојаноска | Обука за подигнување на свеста за центрите за извондредност во стручното образование |
| Ирена Јорданоска | Зајакнување на капацитетите на стручните училишта<br>Инклузивна педагогија |
| Биљана Тинтоска | Промоција на безбедна училишна средина<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Слободан Петкоски | Промоција на безбедна училишна средина<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи |
| Ангела Кочоска | Вештина за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците<br>Erazmus+Circular  Chemistry in  the digital era |
| Виолета Николоска | Инклузивна педагогија<br>Вештина за дигитална писменост во училница – основен<br>Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство |
| Христијан Митрески | Безбедност и заштита при работа |
| Татјана Шабаноска | Инклузивна педагогија – напредна обука<br>Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |
| Наталија Матракоска | Имплементација на програма за зелени вештини во рамките на сектор за шумарство |
| Слободанка Цветкоска | Имплементација на програма за зелени вештини во рамките на сектор за шумарство |

| | |
|---|---|
| Давид Дамјаноски | Имплементација на програма за зелени вештини во рамките на сектор за шумарство |
| Мартин Петрески | Geoscience education field officen training courses-earth creative learning |
| Стојне Христоска | Примена на ИКТ алтки за интерактивна и персонализирана настава |

Педагог

Снежана Милошеска

***2.4. Слободни ученички активности***

Во учебната 2024/25 година работеа следните секции кои аналогно на своите изработени програми за работа во текот на учебната година, ги изработија и своите извештаи:

1.Драмска секција - Слободно театарче – Биљана Тинтоска
2.Фризерска секција – Стојна Христоска
3.Рецитаторска секција – Лора Т. Николоска, Ивана Вељаноска
4. Математичка секција – Валентина Темелкоска и Тодорка Лашкоска
5.Текстилна секција – Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска
6. Историска секција – Млади историчари – Ирена Јорданоска
7. Секција за спорт и спортски активности (футсал, кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, пливање, планинарење, велосипедизам, карате, пинг-понг, атлетика) – Здравко Ристески, Зоран Димоски, Дејан Димоски
8.Секција по физика – Сашо Кочоски
9.Здравствена секција – Наташа Ванчева, Ленче Јованоска
10.Литературна секција – Лидија Ристеска

**2.4.1. Извештај за активностите реализирани со учениците од Драмската секција – Слободно театарче во учебната 2024/2025 година**

Во текот на оваа учебна година беа остварени повеќе планирани активности во согласност со Годишната програма на Драмската секција „Слободно театарче“, а исто така и тековни.

Во текот на месец август беше изработена новата Годишна програма на секцијата.

Месец август, исто така, помина во знакот на официјално испраќање на матурантите, на кои им беа врачени Пофалници и пригодни приврзоци со логото на секцијата.

Во месец септември, со почетокот на новата учебна година, започна и процесот на организирање на аудицијата за нови членови. На 4.9.2024г. раководството одржа состанок за претстојните активности поврзани со дополнување со нови членови. Имено, распишан е Повик за аудиција, транспарентно и со флаери низ училиштето и на социјалните мрежи. Пријавувањето одлучено е да биде до 30.9.2024г.
На 30.09.2022. е извршена анализа на резултатите од пријавувањето и договор кандидатите да бидат информирани денот на аудицијата да биде 8.10.2024г. во 19:30ч. .

На 8.10.2024г. беше реализирана Аудиција за избор на нови членови од пријавените дванаесет кандидати. Имаа задача да одберат и подготват дел од драмите: „Бегалка“ и „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски. Комисијата во состав: Билјана Тинтоска - ментор, Филип Стојаноски - координатор, Михаил Јорданоски – заменик претседател донесоа едногласна одлука за избор на двајца нови членови.

Истата вечер е одржан конститутивен состанок на секцијата, прием на новите членови, запознавање со Кодексот на секцијата, потпишување пристапници и поделување согласности за потпис од страна на родителите за објавување слики на веб - страната од училиштето и ФБ профилот, договор околу претстојните активности поврзани со Драмската вечер.

На 22.4.2024г. беше потпишан меморандум за соработка меѓу Радио Пела и менторот и координаторот на секцијата за заедничка работа во проектот „Промени го мислењето - остани надвор од маѓепсаниот круг“ со подготовка на радиодрама и театарска претстава. Оттогаш натаму, се изведуваат сериозни подготовки на текстот и состаноци со работниот тим. Планот е во текот на месец јуни да биде реализирано снимање на радиодрамата, а од септември 2024г.подготовки и реализација на театарската претстава која е закажана за октомври. И во текот на летото беа реализирани снимањата на деловите на радиодрамата и нејзиносто целосно составување. Буквално, се работеше со полна пареа во текот на месеците јуни и јули. На крајот од јули радиодрамата го имаше својот конечен облик и беше испратена во етерот.

Од 3.9.2024г. започнаа интензивните читачки проби на претставата „Маѓепсан круг“ по текст на Филип Стојаноски, а во соработка со Радио ПЕЛА и Европскиот совет. Пробите се одржуваат континуирано трипати седмично, од 16 до 26 септември, после часовите од попладневната смена.

Од 2.10.2024г. почнуваат мизансцен проби на претставата „Маѓепсан круг“ во истиот термин. Пробите ќе се одржуваат со истиот интензитет до премиерната изведба на 18 октомври.

На 3.10.2024г. беше одржан работен состанок со Радио ПЕЛА, на кој присуствуваше и директорката на училиштето, Жанета Видевска. Целта на состанокот беше да се преслуша заеднички драфт - верзијата на радиодрамата, да се споделат впечатоците. пред таа да биде публикувана во јавноста. Исто така, се договаравме околу организацијата на централната прослава на Денот за борба против трговија со луѓе, која ќе се одржи во Прилеп, на 18 септември и која ќе биде обележана со премиерата на нашата претстава „Маѓепсан круг“.

На 7.10. беше одржан работен состанок со Радио ПЕЛА. Цел на состанокот: договарање околу организациските и техничките поединости за настанот на 18 Октомври - Светски ден на борба против трговијата со луѓе.

На 14.10.2024г. пак беше одржан работен состанок со екипата на Радио Пела и доделување ранци н учениците кои учествуваат во радиодрамата и во театарската претстава. Договор околу претстојниот настан на 18 октомври.

На 15.10.2024г. беше одржана конференција за печат закажана од организаторот Радио Пела и Канцеларијата на Советот на Европа Скопје, на која присуствуваа освен учесниците на настанот и директорката на училиштето и сите локални новинари и новинарски куќи, како и новинари кои известуваат за познатите телевизии и други медиуми во државава. Конференцијата за печат помина во фер и конструктивна атмосфера.

На 17.10.2024г. беше изведена мизансцен проба на големата сцена во домот на културата „Марко цепенков" од 16:00 до 20:00ч. и разработка на техничката поддршка.

На 18.10.2024г. беше реализирана Премиера на претставата „Маѓепсан круг" пред преполна сала и гости од Канцеларијата на Советот на Европа, Јуропхаус Битола, градоначалникот на Општина Прилеп и претседателката на Собранието на општината, претставници на Локалната самоуправа и други значајни институции во градов. Во претставата како актери се вклучена и три ученички основните училишта во Прилеп, како резултат на кампањата на секцијата за поттик на љубовта кон театарот кај нашите идни потенцијални ученици.

На 28.10.2024г. имаше изведба на претставата „Маѓепсан круг" во театарската сала во Крушево.

На 20.10.2024г. беше реализирана прослава на 25 години постоење, на „СЛОБОДНО ТЕАТРЧЕ", на која присуствуваше и директорката на училиштето, како и многи поранешни членови на секцијата.

Наредните денови се одржуваа проби на „Маѓепсан круг" за понататмошните настапи.

На 28.11.2024г. беше изведена претставата „Маѓепсан круг" во ОУ„Али Фетхи Окјар" во с. Дебреште, општина Долнени.

На 2.12.2024г.имаше изведба на претставата „Маѓепсан круг" во Домот на културата во с. Кривогаштани.

На 12.12.2024г. се изврши поделување на улогите за новата комедија „Луда куќа", расчитување на текстот и правење агенда за континуитетот и фреквенцијата на читачките проби, двапати седмично до крајот на прво полугодие, заклучно со 30.12.2024г.

На 15.1.2025г. - учество во емисија на Радио Пела, по повод номинирањето на секцијата во „13 Величествени", заради претставување пред гласачите. Во емисијата учествуваа менторот Билјана Тинтоска и претседателот на секцијата Михаил Јорданоски.

Од 21.1.2025г. - читачки проби на комедијата „Луда куќа" - до 28.1.2024г.

На 23.1.2025г. - учество на Македонското радио, во емисијата „Во живо, а гласно" со Јелена Стаменковиќ. Учествуваа: менторот и заменик - претседателот Матеа Стојчевска.

Од 30.1.2025г. мизансцен проби на комедијата „Луда куќа", два, три, четири и петпати седмично (според потребите), после часовите од попладневната настава, од 19:30ч. Пробите ќе се одржуваат заклучно со 24.2.2025г. Во претставата како актер е вклучена и ученичка од 4 одделение од ООУ„Гоце Делчев" Прилеп, како резултат на кампањата на секцијата за поттик на љубовта кон театарот кај нашите идни потенцијални ученици.

На 12.2.2025г. Драмска секција „СЛОБОДНО ТЕАТРЧЕ" - на манифестацијата по повод Меѓународниот ден на радиото - 13 Ноември, доби ПРИЗНАНИЕ и статуетка на „13 Величествени" на ниво на Општина Прилеп. Беа присутни неколку од членовите, менторот и директорката на училиштето.

На 22.2.2025г. - предгенерална проба, во холот на училиштето од 11 до 14 часот.

На 24.2.2025г. - генерална проба пред премиерата на 25.2.2025г. Пробата ќе се одржи во холот на училиштето од 19:30ч. после наставата.

На 25.2.2025г. -премиера на комедијата „Луда куќа“, на сцената на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, пред преполна сала. Текстот и режијата се на Филип Стојаноски. Претставата имаше хуманитарен карактер.

На 3.3.2025г. - состанок на координаторот на секцијата со менторот, по повод подготовката и адаптацијата на чиновите на драмата „Маѓепсан круг“ од Филип Стојаноски, како наградена претстава на „13 Величествени“, за учество на прославата на патрониот празник на училиштето.

На 14.3.2025г. - мизансцен проба на последниот чин од драмата „Маѓепсан круг“, како подготовка за учеството на свечената академија по повод патрониот празник на училиштето. Со тоа и завршуваат пробите, т.е. се откажани во согласност со актуелните настани. Свечената академија ќе се сведе само на положување цвеќе и читање реферат во холот на училиштето.

На 16.5.2025г. - подигнување ПЛАКЕТА доделена на училиштето за активна соработка на секцијата во рамките на проектот „Училиштата во музеите или Музејот во училиштата“, реализиран во периодот од 2007 до 2024г. Манифестацијата на која беа доделени плакетите беше организирана од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, по повод 70 - годишнината од формирањето на институцијата.

На 3.6.2025г. беше одржан состанок на членовите на секцијата, менторот и директорката по повод иницијативата на Советот на Европа за ангажирање на членовите на „СЛОБОДНО ТЕАТАРЧЕ“ во подготовката на претставата „Маѓепсан круг“ во режија на познат режисер и по повод јубилеј на Советот, во декември 2025г. Исто така беше испратен и список на членовите кои се согласија да бидат ангажирани.

Во месец јуни, по завршувањето на обврските на матурантите, планирано е свечено испраќање на нашите седуммина матуранти, членови на секцијата, со врачување пригодни благодарници за нивната самопрегорна ангажираност.

Одговорен професор: Билјана Тинтоска

### 2.4.2. Извештај за активностите реализирани со учениците од Фризерската секција во учебната 2024/2025 година

Учество 21.05.2025 Отворен ден на училиштето и претставување на струките од сите профили учениците од профилот Фризер во својот кабинет изработуваа повеќе техники како :плетење на косата,виткање со електрични апарати,фенирање со фен и четка,миење на косата,потстрижување на машка коса.Преку активностите и меѓусебна комуникација на деветооделенците им беа пренесени сите активности поврзани со практичната настава,настани кои се реализираат во текот на школувањето,предмети кои ќе ги изучуваат и се она за што беа заинтересирани

По повод 5 Јуни – Меѓународниот ден за заштита на животната средина

**Модна ревија „Trash Fashion”**

учениците од профилот Фризер зедоа учество на овој настан со изработка на фризури – на моделите од сите струки.Учениците изработиа повеќе видови на фризури поврзани со креациите на моделите од стилот 60 -тите

Цели: учениците на вакви настани ја истакнуваат својата креативност,смислата за убаво – естетика,стекнуваат искуства дружење,осамостојување,усовршување.

Одговорен наставник: Стојне Христоска

### 2.4.3. Извештај за активностите реализирани со учениците од Рецитаторската секција во учебната 2024/2025 година

Во текот на оваа учебна година беа остварени повеќе планирани активности во согласност со Годишната програма на Рецитаторката секција .

Во текот на месец август беше изработена новата Годишна програма на секцијата.

Во месец септември, со почетокот на новата учебна година, започна и процесот на организирање на аудицијата за нови членови во Рецитаторката секција. На 16.09.2024г. се одржа состанок за претстојните активности поврзани со дополнување со нови членови. Имено, се прочита соопштение во сите класови за Аудиција на Рецитаторската секција претходно. Пријавувањето одлучено е да биде до 30.9.2024г.

На 01.10.2024г. е извршена анализа на резултатите од пријавувањето и договор кандидатите да бидат информирани денот на аудицијата да биде 04.10.2024г. во 17:00ч. за учениците од претпладневната смена и во 19:30ч. за учениците од попладневната смена.

На 09.10.2024 г. . е одржан конститутивен состанок на секцијата, прием на новите членови, запознавање со Кодексот на секцијата,запознавање на она што значи рецитирањето дека тоа е уметничко говорење на литературен текст, усовршување на дикцијата во рецитирањето која е неопходна за соодветно гласовно остварување како и интонацијата на силата и бојата на гласот. Беа поделени и согласности за потпис од страна на родителите за објавување слики на веб - страната од училиштето и ФБ профилот, договор околу претстојните активности во истиот месец.

Во месец октомври имавме два настани организирани од страна на Градската библиотека –Борка Талески -Прилеп, и тоа Месецот на книгата, и натпревар за најдобар рецитатор.

Во месец ноември, имавме подготовка и вежбање со учениците за учество на Рецитаторски натпревар по повод празникот Св.Климент,на кој учествуваа нашите ученици. Март е месец во кој започнуваме со подготовки за чествувањето на нашиот патрон Ѓорче Петров кој е на втори Април, но оваа година беше откажана Свечената академија а со тоа и настапот на учениците (поради немилиот настан кој ја затекна нашата држава) Со учениците внимателно ги избираме рециталите со кои тие ќе се претставаат, па така секоја година имаат најразлични идеи но за жал не можеме сите да ги реализираме бидејќи се многу.

Одговорни наставници: Лора Т.Николоски, Ивана Вељаноска

### 2.4.4. Извештај за активностите реализирани со учениците од секцијата по Физика во учебната 2024/2025 година

Во текот на учебната 2024/2025 беше формирана секцијата по физика. Во секцијата беа вклучени индивидуално и во повеќе различни групи во зависност од интересот, желбата, способноста и можностите.

Активностите на секцијата беа изведувани според предвидениот план за работа но и по предлог на учениците, па поради тоа има отстапување меѓу планираните и реализираните активности.

Во текот на учебната година некои активности беа реализирани преку истражувачка работа користејќи ИКТ, некои во хемиската лабораторија во нашето училиште.

Во текот на учебната година со учениците:

- Работа во хемиската лабораторија со ученици, изведувајќи секој час различни експерименти. Часовите се држеа 8 пати месечно во среда и петок на 7 ми час т.е предчас со договор на учениците во две групи за да не бидат премногу оптоварени. Експериментите ги изведувавме од разни литератури како и експерименти од интернет.
- Работевме активно неколку месеци но поради оправдани причини, секогаш изведувавме физички часови.

Професор по Физика
Сашо Кочоски

### 2.4.5. Извештај за активностите реализирани со учениците од Историската секција - Млади историчари во учебната 2024/2025 година

Секцијата континуирано работеше во текот на целата учебна година, со најразлични активности од кои повеќето беа со цел да се олесни и да се направи поинтерсна наставата на часовите по Историја. Право на членство во секцијата имаа сите ученици од кои ретко кој не се вклучија, останатите барем со по една или две активности во текот на учебната година беа активирани. Се разбира имаше една група од околу 20 и повеќе ученици (од прва и втора година) кои беа континуирано заинтересирани да ги посетуваат и изработуваат сите активности на секцијата (предходно беше доставен список на тие ученици).

Во септември беше изработен видео проект за Историјатот на Преспа, Приказна за Преспана;

Во мај месец две ученички од Втора година за прв пат го претставуваа нашето училиште на државниот натпревар во Скопје;

Како администратор на ФБ страницата Млади Историчари многу ме радува што успешно функционира и во вонредни услови и ги мотивира учениците на еден поинаков необврзувачки начин преку ИКТ да ја следат наставната програма по предметот Историја и која страница до сега ја следат повеќе од 1700 следбеници, а ме радува што страната не ја напуштаат ни поранешните ученици (членови).

Професор:

Ирена Јорданоска

| Извештај за реализирани активности од текстилната секција за учебната 2024/2025 год. | | |
|---|---|---|
| Дополнување на на текстилната секција со нови членови, презентирање на програмата за работа и договор за работа на секцијата | Професори од активот и членовите на секцијата (ученици од1,2,3 и 4 година) | септември |
| Учество на настан „Современата уметност како инспирација за идните генерации" во организација на НУ Завод и Музеј – Прилеп, | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,3 година) | септември |
| Илустрирање на модни колекции и предмети за облекување на различни теми | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,2,3,4 година) | септември-мај |
| Учество на настан организиран во соработка со,,Комфи Ангел", Прилеп,,Тексомак "– успешна бизнис приказна на Ирена Јакимоска (Комфи Ангел) и презентација за селекција на текстилен отпад | Професори од Активот Здравка Најдоска, Наташа МирческаЈулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,2,3,4 година) | септември |
| Изработка на украсни тиквиња од отпадни текстилни материјали | Професор Здравка Најдоска и членови на секцијата- ученици од втора и трета година | септември |
| Изработка на 200 новогодишни честитки со примена на текстилни предива, подарени на соработници, наставници, случајни минувачи во центарот на градот | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,3 година) | ноември-декември |
| Изработка на обележувачи за книги со примена на техника на ткаење, подарени на наставници | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1 година) | декември |
| Изработка на перничиња за сите учесници во Бадниковата поворка | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 3 година) | ноември - декември |
| Изработка на перничиња -елки од остатоци од текстилни материјали | Професор Здравка Најдоска и ученици-членови на секцијата од втора и трета година | ноември-декември |
| Изработка на беџови од филц за сите вработени во училиштето и за гости од Белгија | Професор Здравка Најдоска и ученици од втора и трета година | декември-јануари |
| Изработка на мартинки | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1 година) | февруари |
| Изработка на мартинки | Професори Здравка Најдоска и Наташа Мирческа и ученици од втора, трета и четврта година | февруари |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на модна креација за учество на модна ревија „Креативен ден“ - Битола | Професор од Активот Јулијана Поповска и член на секцијата (ученичка 3 година) | февруари - мај |
| Изработка на стегачи за коса, фаќалки, несесери за подароци | Професори Здравка Најдоска и Наташа Мирческа и ученици од втора и трета година | Март |
| Подготовки за изложба на модни илустрации | Професор од Активот Јулијана Поповска и член на секцијата (ученичка 3 година) | април-мај |
| Работилница за ткаење - проектот „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,2,3,4 година) | мај |
| Работилница за креативна пренамена на стари фармерки во функционални торбички - проектот „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија | Професор од Активот Јулијана Поповска и член на секцијата (ученичка 1,2,3,4 година) | мај |
| Изложба на модни илустрации со наслов "Моден Дизајн" – гостин модната дизајнерка Ирина Тошева, во просториите на училиштето за деветтоодделенци од основните училишта | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,2,3 и 4 година) | мај |
| Учество на семинар на тема „Бренд менаџмент и маркетинг стратегија за мали бизниси“ – проект „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија, посета на амбасадорот на Република Словенија, г. Грегор Прескер и Градоначалникот на Општина Прилеп | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1,2,3 година) | мај |
| Учество на модна ревија „Креативен ден 2025 на тема „Ориент“ во Народен театар– Битола | Професор од Активот Јулијана Поповска и член на секцијата (ученичка 3 година) | мај |

| | | |
|---|---|---|
| Учество на работилница со модните дизајнери Никола Ефтимов и Ивана Кнез во рамки на „Креативен ден“ во СОУ „Таки Даскалот“ – Битола | Професор од Активот Јулијана Поповска и член на секцијата (ученичка 3 година) | март |
| Работилница „ Вовед во циркуларност во текстилно - кожарската индустрија - проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“ - LEAD во партнерство со People in Need North Macedonia ARNO Ekovita | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 1.2.3 година) | март |
| Изработка на торби, стегачи, кеси за подароци | Професор од Активот Јулијана Поповска и членови на секцијата (ученици 3 година) | јуни |
| Изработка на перници и навлаки за потребите на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина,, | Професор Наташа Мирческа и ученици од втора и трета година | мај |
| Пренамена на пердиња во чаршави за козметички салон , изработка на навлака за перниче, изработка на чаршав за козметичка маса | Професор од активот Здравка Најдоска членовите на секцијата (ученици од 2 година) | |
| Продажба и подарување на мартинки | Професори од активот Здравка Најдоска, Наташа Мирческа , членовите на секцијата (ученици од 1, 2,3 година) | март |
| Учество во изработка на производи за креативни настани и презентација на струката | Професори од Активот Здравка Најдоска, Наташа Мирческа и членови на секцијата од 1, 2 и 3 година | април-мај |
| Изработка на креации со редизајн и реупотреба на текстил (џинс) | Професори од активот Здравка Најдоска, Наташа Мирческа и членовите на секцијата (ученици од 1, 2,3 година) | Мај, Јуни |
| Учество на модна ревија Траш Фешн | Професори од активот Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и членовите на секцијата (ученици од 1, 2,3 година) | Јуни |
| Изработка на беџови од филц со логото на училиштето како подароци при презентација на струка пред деветтооддеелнци | Професори од активот Здравка Најдоска, Наташа Мирческа и членовите на секцијата (ученици од 1 и 3 година) | мај |
| Подготовка на модели и реализација на модна ревија ,,Траш фешн 2025" во соработка со други активи од училишстето и бизнис заедница со спонзорство и донација на производи | Професори од активот Здравка Најдоска, Наташа Мирческа и членовите на секцијата (ученици од 1, 2 3 и 4 година) | мај - јуни |
| | | |

Одговорни професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа , Јулијана Поповска

**2.4.7. Извештај за активностите реализирани со учениците од Секцијата по одбојка во учебната 2024/2025 година**

Во текот на учебната 2024/2025година секцијата по одбојка при СОУ„Ѓорче Петров“ од Прилеп покрај редовните тренинзи во спортската сала имаше свои настапи и натпревари кои се во организација на Сојузот за училишен спорт на општина Прилеп со соодветните екипи од другите средни училишта од нашата општина.На тие натпревари женската екипа постигна одлични резултати освојувајќи го првото место во општинската лига во одбојка во конкуренција на екипи од сите средни училишта од Прилеп.. Машката екипа беше прва исто така во општинската лига.На зонските натпревари машката и женската екипа во одбојка беа први и се здобијаа со право за учество на регионалните натпревари.Нарегионалните натпревари машката екипа го освои второто место додека женската екипа го освои првото место и се пласира на државните натпревари.На државниот натпревар екипата во одбојка во женска конкуренција го освои четвртото место.Екипата во одбојка на песок во женска конкуренција го освои второто место во државата. Покрај овие натпревари овие две екипи имаат земено и учество на повеќе турнири организирани по повод патроните празници на средните училишта. Во текот на месец декември наши ученици зедоа учество на Државниот натпревар во пинг понг, Овие натпревари се во организација на ФУСМ со подршка на АМС и МОН.

Одговорен наставник: Дејан Димоски

**2.4.8. Извештај за активностите реализирани со учениците од Секцијата по ракомет во учебната 2024/2025 година**

Во текот на учебната 2024/2025 година секцијата по ракомет при СОУ„Ѓорче Петров“ од Прилеп покрај редовните тренинзи во спортската сала имаше свои настапи и натпревари кои се во организација на Сојузот за училишен спорт на општина Прилеп со соодветните екипи од другите средни училишта од нашата општина.. Машката екипа во ракомет беше поразена во финалниот натпревар на општинското натпреварување и заседе високо второ место. На општинските натпревари и екипата во ракомет женска конкуренција го освои второто место. Покрај овие натпревари овие две екипи имаат земено и учество на повеќе турнири организирани по повод патроните празници на средните училишта. Во текот на месец декември наши ученици зедоа учество на Државниот натпревар во пинг понг, Овие натпревари се во организација на ФУСМ со подршка на АМС и МОН.

Одговорен наставник:
Здравко Ристески

**2.4.9. Извештај за активностите реализирани со учениците од Секцијата по фудбал и футсал во учебната 2024/2025 година**

| 16 | „Традицијата е најдобрата инспирација.“ подарени мартинки во едукативниот центар „Весели ѕвончиња“ | Професор Јулијана Поповска , Ученици од прва година | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Изработка на модна креација за учество на модна ревија „Креативен ден“ - Битола | Професор Јулијана Поповска и ученичка од 3 година | Февруари - мај |
| 17 | Изработка на стегачи, несесери, фаќалки и нивно подарување по повод Денот на жената на вработени во училиштето и низ трговски објекти во центарот на градот | Професори Наташа Мирческа, Здравка Најдоска, ученици од втора и трета година | Март |
| 18 | Изработка на чаршави за потребите на градската болница | Професор Здравка Најдоска, ученици од втора и трета година | Април |
| 19 | Изработка на перничиња за патување | Професор Здравка Најдоска, ученици од трета година | Април |
| 20 | Изработка на перничиња за патување | Професор Наташа Мирческа, ученици од трета и четврта година | Мај |
| 21 | Работилница за ткаење - проектот „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија | Професор Јулијана Поповска , Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Мај |
| 22 | Работилница за креативна пренамена на стари фармерки во функционални торбички - проектот „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија | Професор Јулијана Поповска , Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Мај |
| 23 | Организација и учество во изложба со наслов "Моден Дизајн" – гостин модната дизајнерка Ирина Тошева, во просториите на училиштето за деветтооделенци од основните училишта и медиуми | Професор Јулијана Поповска , Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24 | Организација и реализација на Отворен ден на училиштето-презентација на текстилната  струка | Професори Наташа Мирческа, Здравка Најдоска, ученици од втора и трета година | Мај |
| 25 | Презентација на струката  пред деветтоодделенци | Професори Наташа Мирческа, Јулијана Поповска, Здравка Најдоска, ученичка од втора година | Мај |
| 26 | Изработка на беџови од филц, стегачи  за подароци при презентација на деветтооделенци во основни училишта | Професори Наташа Мирческа, Здравка Најдоска, ученици од прва и трета година | Мај |
| 27 | Учество на работилница со модните дизајнери Никола Ефтимов и Ивана Кнез во рамки на „Креативен ден“ во СОУ „Таки Даскалот“ – Битола | Професор Јулијана Поповска и ученичка од 3 година | Мај |
| 28 | Работилница „ Вовед во циркуларност во текстилно - кожарската индустрија - проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“ - LEAD во партнерство со People in Need North Macedonia ARNO Ekovita | Професор Јулијана Поповска , Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Мај |
| 29 | Изработка на перници и навлаки за потребите на проектот „Промоција на безбедна училишна средина„ | Професор Наташа Мирческа Ученици од втора  година | Мај |
| 30 | Учество на модна ревија „Креативен ден 2025” на тема „Ориент“, Народен театар - Битола | Професор Јулијана Поповска , Ученичка од трета година | Мај |
| | Семинар на тема „Бренд менаџмент и маркетинг стратегија за мали бизниси“ – проект „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и | Професор Јулијана Поповска , | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 | одржливост“ имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасада на Република Словенија, посета на амбасадорот на Република Словенија, г. Грегор Прескер и Градоначалникот на Општина Прилеп и медиуми | Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Јуни |
| 32 | Организација и реализација на модна ревија Trash fashion во соработка со спонзори од локалната бизнис заедница, локален медиум и со присуство на родители, пријатели, ученици, колеги... | Професори Наташа Мирческа, Здравка Најдоска, ученици од прва втора, трета и четврта година во соработка со професорки по Ликовна уметност, професорка по стручни предмети од шумарско-дрвопреработувачка струка и професорка во струка лични услуги - фризер | јуни |

## 4.*4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ГЕОЛОШКО-РУДАРСКАТА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА*

Учество во Саем за вештини и вработливост во Дом на Културата Марко Цепенков. Со свој штанд ја претставувавме струката а истовремено и можностите што ги нуди нашето училиште во стручното образование.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

### *5.1. Работа на Наставничкиот совет*

Главното тежиште на работата во воспитно-образовниот процес паѓа врз наставниците. Оттаму и потребата истите да ги координираат своите активности. Координацијата на своите активности ја постигнуваат на состаноците на Наставничкиот совет кој воедно е и највисок стручен орган на училиштето во чија работа земаат учество директорот, педагогот и психологот. На состаноците на наставничкиот совет беа разгледувани прашањата и проблемите околу целокупната работа, се вршеше известување за постигнатите резултати во учењето.

Содржините за работа на Наставничкиот совет кои беа предвидени, а и разгледани и дискутирани во глобала беа следните:

•Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа;
•Донесување одлуки за формирање на паралелки;
•Определување на класни раководители;
•Формирање на комисии за Државна матура;
•Формирање на комисии за прегледување на педагошката евиденција;
•Формирање на комисии за прегледување на педагошката евиденција и документација;
•Формирање на комисии за упис на учениците во прва година;
•Донесување на одлуки за педагошки мерки;
•Планирање на динамиката на соработка со родителите и училиштето;
•Планирање на работата на секциите;
•Евалуација на работата на Стручните активи;
•Донесување одлуки и можни решенија за надминување на слабостите преку воведување на нови методи и начини на работа;
•Анализа на организацијата и резултатите од работењето и сл.

### *5.2. Работа на Советот на паралелката*

Состаноците на Советот на паралелката се одржуваат после секој класификационен период во текот на учебната година, и на нив се реализираат следните активности:

Следење на планирањето и реализирањето на редовната, дополнителната, додатната, изборната настава, содржини програмирани од училиштето;

Следење на редовноста на учениците, предлози за изрекување на педагошки мерки на учениците, користените методи и техники за оценувањето;

Откривање и организирање на учениците на кои им треба посебна педагошко- психолошка помош, анализа на работна дисциплина и поволна социјална клима во паралелката, откривање и разрешување на конфликти во паралелката, осознавање за социо-емоционалниот развој на учениците;
Планирање и реализирање на родителски средби, советување на родителите од страна на педагошко-психолошката служба, планирање, реализација и анализа на информираноста на родителите за развојот и напредокот на учениците, како усно така и преку Е дневникот;

## ***5.3. Работа на Стручните активи***

Во нашето училиште  формирани се 9 стручни активи .Секој актив одделно ја планира својата работа која е доставена во прилог на Годишната програма за работа на училиштето.
Согласно напатствијата од МОН за подобрување на квалитетот на наставата како и за зајакнување на улогата на стручните тела се предвидуваат следниве активности на стручните активи:

- креирање на електронска (online) колаборативна платформа со прашања и предлози
- креирање профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи за комуникација меѓу учениците, наставниците и нивните родители
- да поставуваат линкови до наставниот материјал, електронска содржина кои што би се користеле во наставата
- да предлагаат иновации во наставните програми за средното образование
- да предлагаат теми за обуки кои ќе ги доставуваат до тимот за професионален развој во училиштето
- задолжително планирање и реализирање на нагледни часови каде што наставниците вршат меѓусебна посета на часови за размена на искуства
- зајакната соработка на стручните активи со стручната служба
- редовни консултации за подобрување на квалитетот на дневното, тематско и годишно планирање
- назначување на стручните активи како одговорни за (online) дискусиони групи на училиштето
- десеминација на посетени семинари и обуки

### 5.3.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА  АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА, СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ И ЛАТИНСКИ ЈАЗИК  ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во оваа учебна година, беа остварени речиси сите планирани активности, како и некои што дополнително и тековно произлегоа.

Во текот на месец август беа извршени сите подготовки за успешно полагање на Државна матура, односно Завршен испит, како и на поправните испити за учениците. Беа извршени консултации околу планирањето на наставата, а беше разгледана и

имплементацијата на планот за ЛППР. Тимски беа разработени и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети.

Во текот на месец август тимски беа изработени годишните и тематските планирања на наставата, како и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Беа активирани и секциите и започна координацијата на нивната работа, како и активностите околу анализирање на резултатите од Државната матура, т.е. Завршниот испит. А Драмската секција „СЛОБОДНО ТЕАТАРЧЕ“ во текот на месеците јуни и јули ја реализираше радиодрамата како дел од проектот што беше конципиран како соработка меѓу Радио Пела и менторот и координаторот на секцијата за заедничка работа во проектот „Промени го мислењето - остани надвор од маѓепсаниот круг“, а финансиран од Советот на Европа, со подготовка на радиодрама и театарска претстава. Оттогаш натаму, се изведуваат сериозни подготовки на текстот и состаноци со работниот тим. Планот е во текот на месец јуни да биде реализирано снимање на радиодрамата, а од септември 2024г.подготовки и реализација на театарската претстава која е закажана за октомври. И во текот на летото беа реализирани снимањата на деловите на радиодрамата и нејзиносто целосно составување. Буквално, се работеше со полна пареа во текот на месеците јуни и јули. На крајот од јули радиодрамата го имаше својот конечен облик и беше испратена во етерот.

Месец септември беше во знакот на континуирани подготовки на учениците кои ќе бидат потенцијални учесници на Државните натпревари по македонски јазик и
литература, странските јазици и латински јазик. Исто така беа спроведени и консултации околу подготовката на тестови за проверка на знаењата на учениците според зададените стандарди и критериуми за оценување на постигањата на учениците, во согласност со нормите на Државната матура, т.е. Завршниот испит. Беше изведена и подготовка и реализација на активности за проекти од меѓународен и регионален карактер во кои учествува училиштето. Исто така, Драмската секција „Слободно театарче“ на СОУ„Ѓорче Петров“ Прилеп, распиша јавен повик за нови членови. Имаше огромен интерес, а аудицијата се реализира на почетокот на месец октомври, при што беа примени дваjца кандидати. А исто така секцијата веќе реализираше интензивни читачки, а потоа и мизансцен проби за претставата „Маѓепсан круг“ до нејзината премиера на 18 октомври.

Месец октомври беше во знакот на подготовките за учество на Конкурсот од Градската библиотека. Започнаа и активностите на секциите и се одвиваше континуирана подготовка за манифестацијата., на која ученици од нашето училиште беа наградени: на Конкурсот за најдобра рецитација, ученичката Марија Јовеска го освои третото место во конкурсот со песната „Љубов” од Гане Тодоровски, под менторство на проф. Лора Трајкоска Николоски, а ученичката Јана Василеска освои второ место за најдобра лична творба.под менторство на проф. Лидија Ристеска.

Сите планирани активности беа успешно изведени. Исто така беше извршена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тримесечје и беше разгледана стратегија за неговото подобрување, а беше активирана и реализацијата на додатната и дополнителната настава.

На 18 октомври, на централната свеченост по повод „Денот на борбата против трговија со луѓе“, во организација и финансиран од Советот на Европа, што се одржа во Прилеп, Драмската секциај „СЛОБОДНО ТЕАТАРЧЕ“ пред преполна сала ја изведе театарската претстава „Маѓепсан круг“. Потоа следуваа настапи во Крушево, с. Дебреште, општина Долнени и во Кривогаштани, до средината на декември 2024г.

Активностите продолжија и во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. А беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со екстерните предмети за Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача. Исто така, беше спроведено и пријавувањето на учениците за Државна матура, според предвидените рокови.

Во организација на двата тима на моделот Ученик – правобранител, беа изведени бројни активности за обележување значајни датуми од разни теми, поврзани со училишниот живот.

Во текот на месец јануари имаше активности околу Завршниот испит за кандидатите од тригодишно образование и беше извршена анализа на успехот од првото полугодие и разработена стратегија за негово подобрување.

Под менторство на професорката Оливера Димитријоска, ученичка доби признание за најдобра поезија од млади од цел Балкан, ама, според нејзините искажувања не успеале да појдат заради финансиски причини и не продолжиле со натпреварувањето.

Во месеците февруари и март беа извршени и интензивни подготовки околу учеството на државните натпревари по нашите предмети, онака како што се планирани со годишната програма, како и сите пропратни активности. Беше одржан натпревар по македонски јазик и литература. Учество зеде професорката Оливера Димитријоска и ги забележа следниве постигнувања: Прво место на Регионален натпревар со Јована Пејовска, Второ место Регионален со Марија Истинџиоска, трета награда на Државен натпревар со Марија Истинџиоска и Јована Пејовска. Беа одржани натпревари по англиски јазик, на кои учениците остварија мошне солидни постигнувања. Под менторство на проф. Марина Димовска беше забележано учество на општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ- Ризовски Ненад 3-3 клас Под менторство на професорката Емилија Ѓ. Велкоски: Англиски јазик Општински /Елтам - III место Јана Василеска 2/1кл. Англиски јазик: Регионален /Елтам - Пофалница за Јана Василеска. А на Англиски јазик Општински натпревар/Англиска Олимпијада учество зедоа учениците од 2/1кл: Јана Василеска, Матеј Иваноски, Матеј Милевски, Мелани Србиноска, Михаил Јованоски, Александар Секулоски, Даниела Тренгоска, Елена Ѓорѓиева, Андреј Тошески. Под менторство на проф. Елизабета Милошеска, на Општински натпревар по Англиски јазик следниве ученици ги освоија следниве места:

Сергеј Димоски - трето место

Јована Пејовска - второ место

Регионален натпревар

Сергеј Димоски - трето место

Јована Пејовска - второ место

А на Државен натпревар - Јована Пејовска - втора награда. А под менторство на професорката Неда Ченто, на Регионален натпревар по англиски јазик, Ученичката Меланија Јованоска од 3/1кл. освои второ место.

Исто така, на 12.2.2025г. Драмска секција „СЛОБОДНО ТЕАТАРЧЕ“ - на манифестацијата по повод Меѓународниот ден на радиото - 13 Ноември, доби ПРИЗНАНИЕ и статуетка на „13 Величествени“ на ниво на Општина Прилеп. Беа присутни неколку од членовите, менторот и директорката на училиштето.

На 25.2.2025г., ДС „СЛОБОДНО ТЕАТАРЧЕ“ одржа премиера на комедијата „Луда куќа“, на сцената на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, пред преполна сала. Текстот и режијата се на Филип Стојаноски. Претставата имаше хуманитарен карактер.

Месец март беше во знакот и на подготовките на Патрониот празник на училиштето – 2 Април. Но сите подготовки се откажани во согласност со актуелните настани – големата трагедија во Кочани. Свечената академија се сведе само на положување цвеќе и читање реферат во холот на училиштето.

Низ текот на учебната година, уште би ги спомнале постигнувањата на учениците под менторство на професорката Лидија Ристеска: Награден конкурс „Јаков од Камена Река“ - за краснопис, има само учество на следните ученици: Јана Василеска, Барбара Велкоска, Даниела Тренгоска, Христина Пеоска, Александра Секулоска, Миа Кочоска, Андреј Макрески.
Учество на награден конкурс што го распиша Клубот на литературни творци на Град Прилеп „Свети Никола“.
Учество на литературно читање во СОУ „ Ристе Ристески - Ричко“ - Прилеп.
Учество на литературно читање во Економско училиште- учесници: Христина Талеска и Јана Василеска.

Исто така, под менторство на професорката Билјана Тинтоска, на наградниот конкурс што го распиша Клубот на литературни творци на Град Прилеп во чест на празникот „Свети Никола“, ученичката Исидора Николоска од 3/1кл. освои прво место за прозен текст. А ученикот Даниел Главчев од 3/1кл., освои трета награда за поетска творба, на истиот конкурс.

На 16.5.2025г., менторот на Драмската секција подигна ПЛАКЕТА доделена на училиштето за активна соработка на секцијата во рамките на проектот „Училиштата во музеите или Музејот во училиштата“, реализиран во периодот од 2007 до 2024г. Манифестацијата на која беа доделени плакетите беше организирана од страна на НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј - Прилеп, по повод 70 - годишнината од формирањето на институцијата.

Месеците јуни е во знакот на сумирање на резултатите од наставниот процес и на матурантите и на учениците од пониските класови. Во тек е реализацијата на Државната матура. На 31 мај се полагаше предметот Македонски јазик и литература, на 11 јуни – Англиски јазик, како екстерен дел од матурата, а тековно се реализираат и останатите испити од интерниот дел. Исто така, беше успешно реализиран и Завршниот испит по македонски јазик и литература – за четиригодишно и тригодишно образование, на 13 јуни 2025г. Во тек е и упис на учениците во прва година. И од тоа зависи и распределбата на часовите на наставниците.
Активностите завршија со договор за нареден состанок заради планирање на Годишната програма за учебната 2025/2026 г.

Изработил:

Претседател на: Активот по македонски јазик и литература, странски јазици и латински јазик:

Билјана Тинтоска

-професор по македонски јазик и литература

## 5.3.2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМ НА АКТИВОТ ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во оваа учебна година беа остварени следните планирани активности.

Во текот на месец август беа извршени сите подготовки за успешно полагање поправните испити за учениците. Беа извршени консултации околу планирањето на наставата, Тимски беа разработени и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети, успешно беше реализирана програмата за професионален развој на наставниците.

Во текот на месец септември тимски беа изработени годишните и тематските планирања на наставата, како и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Беа активирани и припремите на лабораторијата и кабинетите за изведување на практична настава.

Месец октомври беше во знакот на внесување на образовни иновации во изведување на наставата и анализа на одржаните часови. Беа направени посети на биохемиската лабораторија и болничката аптека во Медицинскиот центар ви Прилеп во склоп на практичната настава од фармацевтската струка.

На почетокот на месец ноември беше извршена посета на Природно научен музеј во Скопје и посета на хемиска лабораторија за испитување на храна и вода и лабораторија за санитарна микробиологија во ЗЗЗ Прилеп. Беше направена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тромесечие и беше разгледана стратегија за неговото подобрување, а беше активирана и реализацијата на додатната и дополнителната настава.

Оваа активност продолжи во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. А беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача и предмети од природно математичко подрачје во склоп на државна матура.

Во текот на месец јануари имаше активности околу Завршниот испит за кандидатите од тригодишно образование и беше извршена анализа на успехот од првото полугодие и разработена стратегија за негово подобрување.

Во месеците февруари и март беа извршени интензивни подготовки околу учеството на општински, регионални и државни натпревари по предметот Биологија. Во април и мај беа изведени сите натпревари

Исто така и за јуни сите планирани активности до 10 ти јуни се извршуваат. Сите подготовки за матура и завршен испити, дополнителни и додатни активности, продолжителна настава за тие што имаат потреба.

Треба да се нагласи дека секој месец беше ажурирана веб странатa на училиштето и ЕСАРУ системот.

УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ ПО БИОЛОГИЈА 2024/2025 год.

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР:

(сите се втора година)

1. Ангела Челебитова – 2 награда
2. Елена Бошеска – 2 награда
3. Јана Василеска – 2 награда
4. Александра Секулоска – учество

РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР:

1. Ангела Челебитова – 2 награда
2. Елена Бошеска – пофалница
3. Јана Василеска – пофалница

ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР

1. Ангела Челебитова – 3 награда

Ментор:

Жаклина Мирческа Нешкоска

Изработил: Сашо Кочоски

Актив од природно математичко подрачје

## 5.3.3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМ НА АКТИВОТ ОД ОПШТЕСТВЕНО ПОДРАЧЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**По следните наставни предмети:**

1. **Историја;**
2. **Бизнис и претприемништво;**
3. **Граѓанско Образование;**
4. **Претприемништво;**
5. **Иновации и претприемништво;**
6. **Психологија;**
7. **Содржини програмирани од училиштето**
   **-Ученичка компанија-Претприемачка практика за млади.**

Во учебната 2024/2025 година наставата се реализираше согласно насоките и програмите на МОН со физичко присуство.

Наставата по предметите од Активот на општествени науки, се одвиваше според предвидените програми и планови. Сите наставни единици наставниците од овој актив успешно ги реализираа заедно со своите ученици, применувајќи различни методи и техники при настава со физичко присуство.

Во месец септември 2024 година поради екстремно топлото време и опасноста од инсекти, беше откажана научна екскурзија од историската секција, а наместо тоа беше одржана работилница со II –2 клас со име „ Историјатот на Преспа“, ( историска приказна за преспана), под менторство на професорката Ирена Јорданоска.

Во месец април ученици од трета година кои го изучуваат од содржини програмирани од училиштето Ученичка компанија – претприемачка практика за млади, учествуваа на натпревар кој го организираше Економскиот факултет Прилеп, а темата беше „Циркуларна економија“ и освоија специјална награда, под менторство на проф.Христина П.Димеска.

Во месец април, 2025г. во Скопје се одржа Државен натпревар за ученички компании во организација на Џуниор ачивмент Македонија. Нашата Ученичка компанија Манџо кори, која претходно по регионалниот натпревар се пласира на државниот, го освои петтото место во конкуренција од вкупно 29 Ученички компании од средни училишта од нашата држава под менторство на проф.Христина П.Димеска.

На 17-ти Мај Историската секција под менторство на проф. Ирена Јорданоска за прв пат учествуваше на државен натпревар по предметот Историја во Скопје.

Историската секција активно работи преку фејсбук страницата „Млади историчари“ под менторство на проф. Ирена Јорданоска.

Некои од предвидените посети на институции, согласно планот и програмата на предметите од активот не беа реализирани поради повеќе причини, на пр.финансиски причини.

:Претседател
Христина Петковска Димеска

## 5.3.4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ПО СПОРТСКО-УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во месеците септември и октомври успешно беа сработени годишните глобални и тематски планови за учебната 2024/2025 година. Почнати се подготовки на екипите во футсал и одбојка и подготовка на балетските групи. Во текот на месец ноември беа изиграни и општинските натпревари во футсал за машки и женски во организација на СУС на Општина Прилеп каде што нашата машка екипа го освои второто место а девојките исто така второ место .
Во месец декември беа одиграни натпревари во одбојка за женски по повод патрониот празник на СОУ„Мирче Ацев“ Прилеп. Во месец декември беа изиграни општинските натпревари во одбојка за машки и женски каде што во финале женската екипа го освои првото место на општинско ниво и исто така прво место на зонските натпревари.На државниот натпревар во одбојка за женски нашата екипа го освои четвртото мест. Исто така машката екипа во одбојка во финалето победи од општинските натпревари и го освои првото место на општинско и зонско ниво и се пласираше на регионалните натпревари каде што го освои второто место.На државниот натпревар во одбојка на песок нашите одбојкарки го освоија второто место и се вицешампиони на Македонија.Исто така наши ученици зедоа учество во кореографијата на можоретките и изложбата на маски по повод празникот „Прочка“ во НУЦК„Марко Цепенков“.Во месец февруари во организација на СУС на Општина Прилеп и ФУСМ беа одиграни натпревари од општински карактер во кошарка за машки и женски.Во женска категорија кошаркарките го освоија второто место на општинскао а машката екипа во кошарка изгуби во финалниот натпревар на општинско ниво освојувајќи го второто место. Во истиот месец се одиграа натпреварите во ракомет исто така за машки и женски каде што и машката и женската екипа го освои второто место.Во месец април по повод патрониот празник на училиштето во спортската сала се одиграа натпревари во одбојка и нашата екипа во женска конкуренција го освои првото место.Во текот месец мај беа одиграни натпреварите во фудбал во машка и женска конкуренција и нашите екипи постигнаа солидни резултати.Машката екипа го освои првото место на општинско ниво со што се стека со право на учество на зонско ниво каде го освои првото место и се пласираше на регионалните натпревар..Исто така на манифестацијата Сите на Велосипед наши ученици и професори зедоа учество во голем број. Во текот месец март беше изведена посета на олимписки базен во Скопје и

еднодневна планинарска тура на Пелистер.Исто така големи резултати беа остварени и во индивидуалните спортови на државното првенство  во пинг понг.

Изработиле

Актив по спортско-уметничко подрачје

## 5.3.5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА  АКТИВОТ ОД СТРУКА/СЕКТОР ЗДРАВСТВЕНА/ ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШИТА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

- Заеднички се изработуваа годишните, месечните и неделните програми, следејќи ги насоките на модуларната програма
- Членовите на активот континуирано соработуваа со цел да се одржи континуитет на соработката и активностите. Се дискутираше за поуспешно реализирање на предвидените наставни содржини, со цел да се стави акцент на оние кои се сметаа дека се најпотребни и најзначајни за струката.
- Се изработуваа видео презентации поврзани со теми и датуми значајни за струката. Истите се презентираа преку социјалните мрежи и интернет порталите.
- Се изработуваа и видео материјали со цел популаризација на училиштето и поддржување на уписната политика на училиштето.
- Се изработуваа и видео материјали за учениците и во соработка со истите, со цел да се поттикнат и мотивираат за работа и соработка и во вонредни услови. Се реализираа состаноци со членовите на активот и учениците, со цел размена на искуства од реализираните проекти на Еразмус.

**Активности на здравствена струка 2024/25 година**

• **медицинска сестра**

• 07.11.2024: Едукативна работилница и презентација на тема “Парентерална апликација на лекови” во библиотеката на Општата болница со проширена дејност “Борка Талески” Прилеп

• 14.11.2024: Одбележување на светски ден за борба против дијабет во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност “Борка Талески” Прилеп и здружение “Сина револуција” Прилеп (мерење на гликемија, крвен притисок и делење на едукативни брошури)

• 28.02.2025: Одбележување на месецот на ретки болести со изработени постери за ретките болести

- 08.03.2025: Учество во марш “Сите заедно во одбележување на неделата за борба против ракот” во соработка со Црвен Крст и младинската организација при СОУ Ѓорче Петров – Прилеп
- 12.05.2025: Одбележување на светскиот ден на медицинските сестри во соработка со ИМП, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност “Борка Талески” Прилеп и ЗМСТАС “За нас”(симулација на сообраќајна незгода, кардиопулмонална реанимација, мерење на гликемија, крвен притисок, сатурација и делење на брошури со едукативна содржина)
- 14.05.2025: Учество на прва научна едукативна средношколска конференција во СОУУД Димитар Влахов – Струмица, презентација на труд “Исхрана на новороденче” од страна на ученичките Ања Петреска и Ајлин Ибеска под менторство на стручниот наставник Даниела Јорданоска
- **Фармацевтски техничар**
- 17,10,2024 посета на фабриката за лекови Алкалоид
- 21,11,2024 посета на лабораториите на Витаминка Прилеп
- 18,02,2025 посета на хемиската лабораторија при заводот за здравствена заштита.
- 06,03,2025 настан по повод 8ми Март во центарот на Прилеп (мерење на шеќер во крв, мерење притисок, продажба на масти и кремови изработени од учениците).

Претседател:
Митко Талески

## 5.3.6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Активностите кои ги планираше активот Лични услуги, за оваа наставна година, успешно беа реализирани.
Во месец септември членовите на активот, ги доставија годишните глобални и тематски наставни планови на педагошко-психолошката служба во училиштето. усогласувајќи ги меѓусебно. Беа изработени и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Исто така беа успешно завршени консултациите за подготовка на тестови и континуирано следење за учество во натпревари, модни ревии и други активности поврзани со струката лични услуги.
Во месец октомври беше организирана и реализирана посета во козметички и фризерски салони.

Во месец ноември, сите планирани активности беа успешно изведени. Нашите ученици зедоа учество на хуманитарниот 3 - то Ноемвриски ликовен хепенинг, во организација на Ротари клуб. Учениците од профилот Фризер беа во посета на Домот за стари лица "Киро Крстески - Платник" во рамките на настанот Недела за грижа на старите лица. Исто така, беше извршена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тромесечие и беше разгледана стратегија за неговото подобрување.
Оваа активност продолжи во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. На 3 ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост РЦПЛИП Порака, учениците од профилот Фризер придонесоа во разубавување и дружење со корисниците. На 18 ти Декември се одржа настан "Саем на вештини", вработливост и кариера, во просториите на НУЦК Марко Цепенков, каде беа промовирани сите профили од средните училишта. Учениците од профилот Фризер беа во посета на Домот за стари лица "Киро Крстески - Платник" со цел разубавување на старите лица за Новогодишните празници. Беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со екстерните предмети за Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача.
Во текот на месец јануари имаше активности кои се однесуваат на контактите и соработката со соодветните активи во нашето училиште. Се работеше и на стратегија за подобрување на успехот во второто полугодие.
Во месеците февруари и март успешно беа изведени консултативните состаноци за изработка на тестови за интерна проверка на стекнатите знаења од струката лични услуги. На изложбата на маски која се одржа во домот на културата Марко Цепенков, ученикот Бошески Андреј освои прво место. На 25 ти февруари се одржа и креативен конкурс "Јелена Крстиќ"со модни ретро креации инспирирани од 60 те години. На 15 ти Март се одржа и настан Trash for art организиран од Пако мак, каде ученикот Бошески Андреј освои прво место. Учениците од нашата струка учествуваа и дадоа свој придонес во Осмомартовскиот панаѓур, кој се организира во нашето училиште. Во месец март, течеа и подготовките за Државната матура, т.е последните подготовки пред бранењето на проектната задача.
Во месец април, беа реализирани предвидените посети на фризерски и козметички салони, каде учениците имаа можност да следат козметички постапки планирани за овој период.
Во текот на овој месец се реализира одбраната на проектната задача, а учениците ги добија соодветните бодови и оценки. Сите ученици успешно ја одбранија проектната задача.

Во месец мај, Претседателот и членовите на активот беа активно вклучени во активностите поврзани со промоција на струката во интерес на уписната стратегија. Беа посетени основните училишта во градот и околината, а на учениците на најдобар начин им беше презентирана струката и можностите кои ќе ги имаат доколку се запишат да ги изучуваат овие интересни занимања.

Во месец јуни се одржа и отворен ден на училиштето за презентација на струките, каде стручните професори и учениците од струката лични услуги, успешно ги претставија нашите два профили – Фризер и Техничар за козметичка нега и убавина. Месецот јуни, како и секоја година е во знакот на полагањето на Државната матура, односно Завршниот испит, но исто така и на завршувањето на учебната година за останатите ученици, поправните испити, организирање дополнителна настава за истите. Овој месец (5 ти јуни), се одржа и Модна ревија, успешно реализирана заедно со колегите и учениците од текстилната струка. Прва награда освои ученичката Јана

Пирганоска, а гранд при ученичката Доротеа Илиеска. Активностите завршија со договор за нареден состанок заради планирање на Годишната програма за учебната 2025/2026 година.

Изработиле:
Членовите на Активот по Лични услуги

## 5.3.7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ОД СТРУКА/СЕКТОР - ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА / ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| **Извештај за реализирани активности на активот по текстилство за учебната 2024/2025 г.** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Носители** | **Време на реализација** |
| Распределба на наставни предмети и изготвување на годишни планирања и планирања по модуларни единици за учебната 2025/26 год | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | јуни |
| Изготвување на Програма за работа на стручен актив | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | август |
| Дискусија за Изготвување на Планови за личен професионален развој и Програма за професионален развој на активот | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | септември |
| Соработка со компании „Комфи Ангел“ и конфекција “Кули“ за реализација на УПРР | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | август - септември |
| Учество на настан „Современата уметност како инспирација за идните генерации“ во организација на НУ Завод и Музеј – Прилеп, | професор Јулијана Поповска, ученици од 1,3 година | септември |
| Учество на настан организиран во соработка со„Комфи Ангел”, Прилеп„Тексомак “–успешна бизнис приказна на Ирена Јакимоска (Комфи Ангел) и презентација за селекција на текстилен отпад | Професори од Активот Здравка Најдоска, Натапша Мирческа, Јулијана Поповска и ученици од 1, 2 ,3 и 4 година | септември |

| | | |
|---|---|---|
| Слики и видеа со изработка на различни предмети од текстилни материјали за презентација на струка на фб страната од училиштето | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | септември - јуни |
| Соработка со модни креатори, соработка со познати дами и реализација на активности во рамките на проектот „Креативен ден 2024“ | професор Јулијана Поповска | Октомври -јуни |
| Соработка со активот по текстилство СОУ „Таки Даскалот“ - Битола и продукција „Божилович“ за реализација на „Креативен ден 2024“ | професор Јулијана Поповска | Октомври -јуни |
| Изработка на облека и текстилни производи со материјали добиени во соработка со локални конфекциски и текстилни компании | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска , ученици од 2,3 и 4 година | Октомври -јуни |
| Учество на настан за подигање на свеста за селекција и реупотреба на текстилен отпад организиран од „Тексомак’’ и Локалната самоуправа | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческаученици од 2,3, 4 година | октомври |
| Изработка на украсни тиквиња од отпадни текстилни материјали за украс и за подарок | професор Здравка Најдоска, ученици од втора и трета година | октомври |
| Донирање на изработена постелнина (навлаки и чаршави) во детско одделение при Општа болница Прилеп | професор Наташа Мирческа, ученици од 4 година | ноември |
| Изработка на креветски чаршави за потребите на ортопедско одделение при Општа болница -Прилеп | професор Здравка Најдоска, ученици од 2, 3 година | ноември |
| Изработка на 200 новогодишни честитки со примена на текстилни предива, подарени на соработници, наставници, случајни минувачи во центарот на градот | Професор Јулијана Поповска , ученици од 4 година | ноември - декември |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на новогодишни елки од отпадни текстилни материјали добиени од компаниите „Жалфија” , „Кули” и „Комфи Ангел” | професор Здравка Најдоска, ученици од 2, 3 година | ноември - декември |
| Изработка на бележници за книги со примена на техника на ткаење, подарени на наставници | Професор Јулијана Поповска , ученици од 1 година | декември |
| Изработка на беџови од филц за сите вработени во училиштето | професор Здравка Најдоска, ученици од 2, 3 година | декември |
| Изработка на перничиња за учесниците во Бадниковата поворка | Професор Јулијана Поповска , ученици од 3 година | декември |
| Учество на настан „ Саем за вештини , вработливост и кариера” за промоција на сите профили од средните стручни училишта од градот | професор Здравка Најдоска, ученичка од 2 година | декември |
| Анализа на успехот по стручни текстилни предмети од профилот Техничар за изработка на облека на крајот на првото полугодие за учебната 2024/2025 г. | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | јануари |
